www.upoz.org.mk

Синдикален **БИЛТЕН**

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 47 (3) ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2007

## ЕДИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ 19.09.2007 ГОДИНА

# НЕПРАВЕДНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ

**Владата на Република Македонија донесе Заклучок во наредните три години (окомври 2007 - октомври 2009 година), постапно (годишно) да ги зголемува платите на државната и јавната администрација за 10 или вкупно 34 насто во рок од три години. Синдикатот на УПОЗ го поздрави потегот на Владата, но него прифаќа начинот на распределба бидејќи ваквото зголемување е параван за зголемување на платите на високите државни фукционери. Покрај ова на седницата се расправаше и за одржаниот генерален штрајк во правосудните органи и јавните обвинителства.**

Главна тема на расправа на Единаесеттата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ беше Заклучокот на Владата на РМ за зголемување на платите на јавната и државната администрација во наредните три години. Со цел да ги слушне мислењата на членството, во Синдикатот на УПОЗ на 10.09.2007 година се одржа состанок со претседателите на сите синдикални организации.
Ставовите изнесени на овој состанок и оние на Претседателството во ништо не се разликуваа.

Кусото резиме на дискусиите е дека Синдикатот на УПОЗ го поздравува потегот на Владата за зголемување на платите на јавната и државната администрација, но е незадоволен што не беше вклучен како социјален партнер во претходните подготовки со цел да укаже на некои недоследности во делот на платите и надоместоците заради што во изминатиот период имаше најави за штрајк а еден и се одржа во правосудните органи и јавните обвинителства во јуни 2007 година. Истовремено Синдикатот и забележува на Владат што зголемувањето не е еднократно туку на период од три години особено кога се знае дека цените на некои производи се зголемија а најавени се и нови зголемувања. Така, првото зголемување од 10 насто во октомври особено за оние со пониски примања (до 10 000 денари), ќе го ”изедат”зголемените цени на некои производи.

Понатаму, Синдикатот на УПОЗ смета дека ова зголемување не треба да се однесува на оние чии плати се регулирани со Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието и другите избрани и именувани лица заради тоа што нивните плати досега неколкупати се корегирани потоа, од 2005 година па наваму нивните плати ќе се (усогласуваат) зголемуваат во согласност со просекот на исплатената просечна плата во РМ. Така, на оваа категорија вработени во наредните три години платите ќе им се зголемат шест пати а на другите (на оние со пониски и најниски примања) трипати. Затоа Синдикатот ќе побара од Владата од ова зголемување да бидат изземени сите оние на кои платите им се регулирани со закон бидејќи ќе се направи уште поголем јас меѓу најниските и највисоките плати.



Од овие причини, Синдикатот на УПОЗ ќе побара ако тоа не го прифати Владата, таа да направи линеарна распределба, со што ќе покаже дека нејзината цел со ова зголемување е да го подигне и стандардот на оние со пониски плати.

Затоа на седницата беше заклучено, писмо со овие ставови да биде испратено до Министерството за финасии, Министерството за труд и социјална политика и Владата на РМ со барање за средба со премиерот Никола Груевски.

За натамошните на Синдикатот на УПОЗ, беше заклучено, писмено да бидат известени сите синдикални организации кои треба да ги определат натамошните активности – штрајк, протест, бојкот или слиучно.
Она што ќе биде став на мнозинството синдикални организации, ќе биде и одлука на Претсеателството.

На Единаесеттата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ се расправаше по Информацијата за одржаниот Генерален штрајк во правосудните органи и јавните обвинителства што се одржа од 27 до 29 јуни 2007 година. Притоа беше констатирано дека штрајкот беше одлично организиран и реализиран заради оправданите барања, како и довербата во Синдикатот на неговите членови. Особено беше истакнато единството и солидарноста која беше

►►►►► 2

1 ◀◀◀◀◀

манифестирана од страна на членовите на синдикатот како и на другите вработени кои се приклучија на штрајкувачите. За време на штрајкот евидентна беше и поддршката што ја додоа еминентни адвокати, целокупната јавност преку медиумите и воопшто граѓаните.

Но за жал сето тоа не беше доволно за власта да го сфати огромното незадоволство на вработените во правосудните органи. Не беше доволно ни сознанието дека нивните зголемувања досега секогаш биле со штрајк и дека во правосудството има најмногу штрајкови. Потоа, дека на дел од вработените платите не им се кореги-рани од 2002 година а од зголемувањето со декомпресијата на платите од април 2004 година за оние државни службеници останаа само трошките.

Вработените во правосудните органи ја имаат таа несреќа што последниве години во Министерството за правда за министри доаѓаат министри кои се глуви и слепи. За жал иста е состојбата и со премиерот кој сеуште нема одговорено на барањето на Синдикатот како и Министерот за правда за средба на која ќе се преговара за овие проблеми. Игнорирањето на синдикатот од власта е нејзина препознатлива тактика, но кога ќе го изгубат тлото под нозете и ќе се соочи со поголеми штрајкови, таа иста влас и прогледува и почнува да слуша. Ако истраеме на нашите оправдани барања сигурни сме дека и оваа власт ќе бара спас и ќе бара преговори.

Со ваквите ставови и заклучоци Претседателството ја усвои Информацијата за одржаниот Генерален штрајк во правосудните органи и јавните обвинителства.




**ПО ШТРАЈКОТ ВО ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА**

# ШТРАЈКОТ ГО ПОДДРЖАА СИТЕ

Веднаш по одржувањето на тридневниот штрајк, Синдикатот на УПОЗ упати писмо до синдикалните организации. Во писмото се пренесува констатаци-јата дека штрајкот беше одлично подготвен и спроведен и беше покажано извонредно единство и солидарност на членовите на синдикатот како и на другите вработени. Особено радува фактот што штрајкот, односно неговите барања како оправдани ги поддржаа Министерот за правда, Претседателот на Врховниот суд и претседател на Судскиот буџетски совет, судиите, судските поротници, адвокатите од целата држава, јавните обвинители, граѓаните и медиумите.

Упатувајќи им писмени пофалби на своите членови, Синдикатот на УПОЗ во писмото бара од нив да го задржат единството и синдикалниот дух и за натамошните активности кои евентуаллно би се одржале во иднина, доколку власта не покаже респект и разбирање за оправданите барања на синдикатот.

Во писмото упатено до синдикалните организации се наведува дека Синдикатот на УПОЗ и во наредниот период ќе се обиде да изнајде решение за проблемот на платите по пат на преговори. Вработените во правосудните органи и јавните обвинителства предолго чекаат на одговорните за сега да им биде прифатено она што го нудат – проб-лемот со платите ќе биде решен, не кажувајќи кога и како и колкаво ќе биде евентуалното зголемување.

Најавеното зголемување на Владата на платите на јавната и државната администрација за 10 насто во наредните три години, ќе ги опфати и вработените во правосудните органи и јавните обвинителства. Но според Синдикатот на УПОЗ и првите реакции на вработените, најавеното зголемување е само параван за нечии други зголемувања на платите, а најмалку на оние кои со години чекаат и на кои им беше најпотребно. Власта е во заблуда дека со овој предлог ги решава проблемите со платите, посебно во правосудните органи и јавните обвинителства. Со ова зголемување незадоволството ќе биде уште поголемо особено на почетокот од идната година.

# ПРЕМИЕРОТ НЕ САКА СРЕДБА СО СИНДИКАТОТ

Синдикатот на УПОЗ со писмо од 24.09.2007 година се обрати до премиерот Никола Груевски за средба во врска со платите и најавеното зголемување.
Во него се наведува дека за разлика од сите други синдикати од јавниот сектор – членки на ССМ, во дејностите кои ги покрива синдикатот на УПОЗ, зголемувањето на платите ќе направи уште поголем јаз меѓу највисоките и најниските плати и дека незадоволството ќе биде огромно кај оние со пониски примања. Исто така во писмото е побарано од ова зголемување да бидат изземени сите вработени чии плати се регулирани со закон или пак масата на средства наменета за зголемување на платите да биде подеднакво за сите.

Од овие причини, се вели во писмото, бараме средба лично со Вас со намера да укажеме на недоследностите на ваквото зголемување и да понудиме поприфатливи решенија.

Дали на премиерот не му се допаднаа овие предлози или пак не му се допаѓа синдикатот не знаеме, но едно знаеме дека до заклучувањето на овој билтен (три недели по упатеното барање), премиерот не покажа желба за соработка и средба иако од неговиот кабинет телефонски ни беше речено дека ќе не известат за средбата.

Но независно дали на премиерот му се допаѓаат предлозите или синдикатот, тој е должен да го почитува и респектира како социјален партнер и да соработува. Само да го потсетиме дека цели три години и еден друг премиер ја применуваше истата тактика, за на крајот по штрајкот во јавниот сектор во 2002 година „доброволно“ да побара средба и спас во синдикатот.

### ЗА БАРАЊАТА ОД ШТРАЈКОТ ВО ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

# МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА И НАТАМУ МОЛЧИ

Веднаш по завршувањето на штрајкот во правосудните органи и јавните обвинителства (1.07.2007 година), Синдикатот на УПОЗ упати писмо до Министерот за правда со барање за преговори во врска со Барањата на штрајкувачите.
Но повеќе од очигледно е дека министерот „уво не го боли“ за она што му се случува во неговиот ресор. Иако во писмото се наведува добрата волја на Синдикатот на заедничка средба да се изнајде прифатливо решение, министерот се определи да игнорира. Одговорот за средба сеуште не сме го добиле и покрај нашите упорни (и телефонски) настојувања. Но затоа неговите соработници непосредно пред штрајкот знаеа да бидат ажурни и да бараат средба со претставниците на Синдикатот со барање тој да биде одложен со дилетантско образложение – „ќе ги решиме проблемите“ (во некое идно и непознато време).

Без оглед колку министерот ќе ги игнорира нашите барања, сметаме дека и нему како и на премиерот наскоро ќе им стане јасно зошто сме толку упорни. Тие не можат да го видат она што синдикатот го гледа – ниските плати на огромен број вработени во правосудните органи и јавните обвинителства. Кога гневот и револтот ќе излезат на улица.

### ПО НЕПРАВЕДНОТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НАЈАВНАТА И ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

# ЧЛЕНСТВОТО ЌЕ ОДЛУЧИ ДАЛИ И КАКО ЌЕ РЕАГИРА СИНДИКАТОТ

На состанокот со претседателите на синдикалните организации на УПОЗ што се одржа на 10.09.2007 година, во врска со зголемувањето на платите беше констатирано дека тоа не е правично и е неприфатливо за Синдикатот.
На седницата на Претседателството што се одржа на 19.09.2007 година исто така беше констатирано дека ова зголемување е неправично, дека најмалку од него ќе добијат оние кои имаат најниски плати, дека јазот меѓу најниската и највисоката плата и натаму ќе се продлабочува и ред други забелешки.

Членовите на Претседателството на споменатата седница заклучија, со овие ставови да бидат известени синдикалните организации на УПОЗ и доколку Владата на РМ не прифати ниту еден од неговите предлози, членовите да се изјаснат за начинот на кој ќе го изразат својот револт и незадоволство.

Според овој Заклучок, сите синдикални организации должни с е најдоцна до 26.10.2007 година да одржат состанок и да изградат заеднички став зад кој цврсто ќе стојат и ќе го реализираат.
Врз основа на нивните мислења, Претседателството на Синдикатот на УПОЗ ќе донесе онаква одлука за каква ќе се определи мнозинството синдикални организации.



**РЕАКЦИИ НА СИНДИКАТОТ ПО НАЈАВАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ**

# ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ПЛАТИТЕ Е НЕПРАВИЧНО, ПОСЕБНО ЗА ОНИЕ СО ПОНИСКИ ПЛАТИ

Веднаш по најавата за зголемување на платите на јавната и државната администрација реагираше Сојузот на синдикатите на Македонија кој и забележа на Владата што зголемувањето го направи молчешкум и еднострано без вклучување на Синдикатот како социјален партнер. На Прес конференцијата од 24.08.2007 година беше укажано дека ова зголемување ќе ги опфати и оние чии плати се уредуваат со закон и истите ќе бидат во привелигирана положба во однос на другите вработени.

И покрај добрата намера за зголемување на платите, ССМ и забележа на Владата што тоа го прави во момент кога во сферата на платите во јавниот сектор има мноштво отворени прашања и незавршени обврски на социјалните партнери: неутврдена најниска плата, непотпишан Општ колективен договор за јавниот сектор, непотпишани колективн договори по гранки и дејности како и непотпишани колективни договори на ниво на работодавач. ССМ преку оваа Прес конференција побара поголемо зголемување на платите на оние кои се под републичкиот просек.

На Прес конференцијата од 17.09.2007 година што ја организираше Синдикатот на УПОЗ укажа дека со ова зголемување, пак најмалку ќе добијат оние со пониски плати. Синдикатот на УПОЗ побара ова зголемување од 34 насто да биде еднократно а не во период од три години и укажа дека од него најмногу ќе се офајдат високите државни службеници и функционери.

Како илустрација беше наведено дека и по ова зголемување, да речеме во основните судови каде најголемиот број вработени го сочинуваат хигиеничари, возачи, судска полиција, референти, виши и самостојни референти, нивните плати и натаму ќе бидат под републичкиот проссек. Затоа Синдикатот упати барање до Владата, како помалку неправично решение, масата од 34 насто, да се подели линеарно и еднократно со што ќе се избегне опасноста некои да добијат премалку а некои премногу.
Исто така Синдикатот предложи зголемувањето на платите да се реши со преговори, Владата конечно да ја утврди мајниската плата и платите во Македонија да се исплаќаат согласно колективните договори.

Синдикатот уште еднаш јавно реагираше на 21.09.2007 година која реагираше дека ова зголемување е параван на власта да си ги зголеми своите плати и затоа побара народните пратеници, да не ги поддржуваат измените на закотот со што ќе ја спречат оваа неправедна распределба.

# СИМУЛАЦИЈА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА ПЛАТИТЕ

**Синдикатот на УПОЗ веднаш по најавата за зголемувањето на платите, направи симулација со цел на јавноста и неговото членство поконкретно им објаснат за што се работи и дека власта и овојпат си игра со судбината на најниско платените службеници.**

За месечна нето плата во висина од **7 000,00 денари**

**Прво зголемување** во октомври 2007 од 10 насто **– 700,00 денари;**

**Висината на основната плата по зголемувањето ќе изнесува – 7 700,00 денари се до следната година;**

**Второ зголемување** во октомври 2008 од 10 насто **– 770, денари;**

**Висината на основната плата по ова зголемување ќе изнесува 8 470,00 денари се до следната година;**

**Трето зголемување** во октомври 2009 година од 10 насто **– 847,00 денари;**

**Висината на основната плата ќе изнесува 9 317,00 денари.**

***Напомена:*** *И во 2009 година платата на вработените со основица до 7 000,00 денари ќе биде далеку под републичкиот просек кој во јуни 2007 година беше 14 242,00 а во 2009 година секако ќе биде уште повисок.*

За месечна нето плата во висина од **10 000,00 денари**

**Прво зголемување** во октомври 2007 од 10 насто **– 1 000,00 денари;**

**Висината на основната плата по зголемувањето ќе изнесува - 11 000,00 денари се до следната година;**

**Второ зголемување** во октомври 2008 година од 10 насто ќе изнесува - **1 100,00 денари** се до следната година;

**Висината на основната плата ќе изнесува 12 100,00 денари се до следната година;**

**- Трето зголемување** во октомври 2009 година од 10 насто **– 1 210,00 денари;**

**Висината на основната плата ќе изнесува 13 310,00 денари.**

***Напомена:*** *И во 2009 година платата на вработените со основица до 10 000,00 денари ќе биде под републичкиот просек кој во јуни 2007 година беше 14 242,00 денари а во 2009 година секако ќе биде уште повисок.*

За месечна нето плата во висина од **15 000,00 денари**

**Прво зголемување** во октомври 2007 година од 10 насто **– 1 500,00 денари;**

**Висината на основната плата по зголемувањето ќе изнесува 16 500,00 денари се до следната година;**

**Второ зголемување** во октомври 2008 година од 10 насто ќе изнесува - **1 650,00 денари;**

**Висината на основната плата по зголемувањето ќе изнесува – 18 500,00 денари се до следната година;**

**Трето зголемување** во октомври 2009 година од 10 насто **– 1 850,00 денари;**

**Висината на основната плата ќе изнесува -19 965,00 денари.**

4. За месечна основна плата во висина од **40 000,00 денари**

- **Прво зголемување** во октомври 2007 година од 10 насто **– 4000,00 денари;**

**Висината на основната плата по зголемувањето ќе изнесува 44 000,00 денари;**

**Второ зголемување** во октомври 2008 година од 10 насто ќе изнесува **– 4 400,00 денари;**

**Висината на основната плата ќе изнесува 48 400,00 денари;**

**Трето зголемување** во октомври 2009 година од 10 насто - **4 840,00 денари;**

**Висината на основната плата ќе изнесува 53 240,00 денари.**

***Напомена:*** *Покрај овие три зголемувања, платите на функционерите кои се пресметуваат кога коефициентот ќе се помножи со износот на просечната плата исплатена во претходната година. Нивните плати во наредните години, на почетокот од секоја година ќе бидат корегирани (зголемени) и по тој основ такашто основната плата во октомври 2009 година ќе биде значително поголема. Значи, тие во рок од три години шестпати ќе имаат зголемување на платите и тоа ќе продолжи и во наредните години по 2009 година се додека Законот е на сила.*



### СЕ ОДРЖА 28 - ОТ КОНГРЕС НА СИНДИКАТИТЕ ОД ЈАВНИТЕ СЛУЖБИ (ПСИ)

# КОНГРЕСОТ ВО ЗНАК НА СТОГОДИШНИНАТА

Од 24 до 28 септември 2007 година во Виена се одржа 28 - от конгрес на Синдикатите од јавните служби (ПСИ).
Оваа светска синдикална организација е основана во 1907 година кога шест европски синдикати се собраа и формираа Меѓународен секретаријат на работниците од јавните служби. Денес ПСИ претставува над 650 синдикати од целиот свет со над 20 милиони членови од 154 земји. Синдикатот на УПОЗ е првиот синдикат од Македонија и од синдикатите од поранешна Југославија што беше примен во оваа светска синдикална асоцијација. Неколку години подоцна од Македонија беа примени и Синдикатот за здраство, фармација и социјална заштита, Синдикатот за угостителство и комунално стопанство како и Синдикатот на Електростопанство на Македонија.

Прославувајќи го својот јубилеј - стогодишнината од формирањето, ПСИ го одржа својот конгрес.
Како дел од роденденската прослава ПСИ формира Солидарен фонд кој веќе инкасира 120 000 евра од своите членки.
Фондот има за цел да им помага на синдикатите кои се соочуваат со екстремно непочитување на синдикалните и на човечките права.

Исто така, за време на Конгресот беше промовирана и монографијата „Борбата за јавните служби“ која ги опишува возбудливите рани години на оваа синдикална асоцијација и нејзиниот одговор на двете светски војни и европскиот фашизам.

Инаку на конгресот во Виена учествуваа рекордни 1 500 учесници што е доволен сигнал дека меѓународното синдикално движење зајакнува.

Квалитетни јавни служби, беше една од најважните заложби и определби на Конгресот а Извршниот одбор на ПСИ предложи - квалитетните јавни служби и натаму да бидат еден од најважните елементи во работата на ПСИ и во наредните пет години.
Во тој контекст ПСИ истакнува дека креирањето на квалитетни јавни служби, се есенцијален дел од борбата против нееднаквоста и сиромаштијата.

Сите работилници кои се одржаа за време на Конгресот ја потенцираа кампањата на ПСИ за квалитетни јавни служби, истакнувајќи конкретни примери како синдикатите можат да работат со граѓаните на подобрување на службите и како да ги убедат политичарите, оние кои ја креираат политиката, дека јавните служби можат да бидат секогаш подобри од приватниот сектор и во квалитет и во цена, доколку ја имаат нивната поддршка.

На Конгресот на ПСИ не беа заборавени ниту младите. Затоа беше побарано синдикатите да започнат кампањи за прашања кои се значајни за младите, доколку сакаме тие да се зачленуваат во нив. Синдикатите, исто така, мора да направат простор за мобилизирање на енергијата на младите и да се обврзат за глобална правда, за да ги охрабрат младите да станат поактивни во синдикатите.
Ова всушност беше и една од пораките на младите синдикални активисти од синдикатите, членки на ПСИ.

Во таа насока, наскоро ПСИ ќе ги измени правилата и за првпат ќе им даде загарантирано учество во Комитетот на ПСИ. Договорено е да се имплементира квота од 30 насто млади.
Еден од делегатите истакна дека синдикатите мора да се соочат со фактот дека младите го сочинуваат огромниот дел од светската работна сила. Тој истакна дека близу една петтина од светската популацијае е на возраст меѓу 15 и 24 години и околу 660 милиони млади луѓе ќе работат или ќе бараат работа до 2015 година. Овие млади луѓе воедно се и иднината на синдикатите, кои доколку тие навреме не се ориентираат кон младите, синдикатите како организации ќе „остарат“ и можат да изумрат.

## ПИТЕР ВАЛФОРД - НОВ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ПСИ



Новиот генерален секретар на ПСИ е Питер Валдорф од Данска. Тој во досегашниот период работел во локалната власт, данскиот синдикат на владината и јавната администрација. Тој досега беше и член на Извршниот одбор на ПСИ од 1988 година а исто така беше и член на Управниот одбор на Европската федерација на синдикатите на ПСИ.
За него гласаа вкупно 5 461 820 членови а за неговиот противкандидат Кејт Сонет од Англија - 4 679 368.

Во своето прво обраќање Питер Валдорф повика на единство и насочување на фокусот на идните активности на ПСИ кон новите предизвици. Тој вети дека ќе биде енергичен на својата нова позиција, исто толку жесток како и за време на изборната кампања: „Ги подавам моите две раце кон Вас да продолжиме и понатаму со пријателство, солидарност и успех во нашата работа и соработка“, се обрати кон делегатите и учесниците на Конгресот, новиот Генерален секретар Питер Валдорф.

**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел: 02/31–26–351; тел./факс: 02/32–30–829; www.upoz.org.mk
• Билтенот го подготвува и уредува: **Пецо Груевски**
• Подготовка за печат "Макформ"–Скопје
• Тираж 600 примероци